Врз основа на член 4 од Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кисела Вода за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Кисела Вода за купување велосипед во 2021 година со бр.09-4298/6 од 28 мај 2021 година, Општина Кисела Вода објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за субвенционирање на граѓаните на подрачјето**
**на Општина Кисела Вода за купување велосипеди во 2021 година**

**1. Опис на јавниот повик**

1.1. Општина Кисела Вода, со цел да ги стимулира жителите на Општина Кисела Вода за користење на велосипеди, на полнолетните жители кои ќе купат нов велосипед од Република Северна Македонија од 01.01.2021 година до дадениот рок од 15 календарски дена од денот на објавување на Јавниот повик, ќе им надомести дел од трошоците направени при купување на велосипедот.

1.2. Средствата што Општина Кисела Вода ќе ги субвенционира се во износ од 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 3.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

1.3. Барањата од Јавниот повик ќе бидат разгледувани по редослед според времето на поднесување (датум, час и минута) и истите ќе биде реализиран по принципот прв дојден, прв услужен.

**2. Право на учество на Јавниот повик**

Право на учество на Јавниот повик имаат полнолетните жители на Општина Кисела Вода кои ќе купат нов велосипед од Република Северна Македонија од 01.01.2021 година до дадениот рок од 15 календарски дена од денот на објавување на Јавниот повик и кои ги исполнуваат условите од овој Јавен повик.

**3. Услови што треба да ги исполни барателот**

Барателот треба да ги исполни следниве услови:

- да е жител на Општина Кисела Вода,
- да нема искористено субвенција за купување на велосипед од Град Скопје или друга институција,
- новиот велосипед да го купи во Република Северна Македонија од 01.01.2021 до дадениот рок од 15 календарски дена од денот на објавување на Јавниот повик.

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

4.1. За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество на Јавниот повик се исполнети, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- барање за субвенција за купување на еден велосипед со личните податоци (барањето може да се подигне во архивата на Општина Кисела Вода или да се

обезбеди од интернет страницата на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk),

- изјава за согласност за обработка на лични податоци (вклучена е во барањето)
- доказ за жителство во Општина Кисела Вода, со доставување фотокопија од важечка лична карта на барателот,
- фотокопија од трансакциска сметка на барателот,
- доказ дека е извршено купување на нов велосипед од Република Северна Македонија, и тоа со прикачување на оригинална фискална сметка издадена во Република Северна Македонија, со датум од 01.01.2021 година до дадениот рок од 15 календарски дена од денот на објавување на Јавниот повик, при што задолжително е велосипедот да е целосно отплатен и плаќањето на рати не се прифаќа.
- изјава (изјавата може да се подигне во архивата на Општина Кисела Вода или на интернет страницата на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk) со која барателот под полна материјална и кривична одговорност ќе потврди дека нема добиено субвенции за купување на велосипед од Град Скопје или друга институција.

4.2. Едно лице може само еднаш да аплицира за добивање на субвенција за купување на еден велосипед.

4.3. Барањето за надоместување на дел од трошоците за купување на велосипеди, заедно со потребната документација, граѓаните ја поднесуваат до Комисијата преку архивата на Општина Кисела Вода ул..„Петар Дељан“ бр.17, секој работен ден од 09:00 до 15:00 часот, во затворен плик со намена за „Јавен повик за субвенции на граѓаните на подрачјето на Општина Кисела Вода за купување на велосипед за 2021 година“ со назнака НЕ ОТВАРАЈ.

4.4. Барањата ќе може да се поднесуваат од денот на објавување на Јавниот повик до дадениот рок од 15 календарски дена.

4.5. Општина Кисела Вода примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута) и истите ќе бидат реализирани по принципот прв дојден, прв услужен.

**5. Начин на спроведување на Јавниот повик**

5.1. Спроведувањето на постапката по јавниот повик го врши Комисијата за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Кисела Вода за купување велосипед во 2021 година, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

5.2. Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања.

5.3 . Доколку не бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Општина Кисела Вода може да го објави Јавниот повик неколку пати во текот на годината.

**6. Начин на остварување на правото на надоместок**

6.1. Градоначалникот на Општина Кисела Вода на предлог на Комисијата ќе донесе решение за исплата на финансиски средства на барателите кои ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик.

6.2. Градоначалникот на Општина Кисела Вода на предлог на Комисијата ќе ги извести за неусвојување на барањето, барателите кои не ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик.

6.3. Незадоволните граѓани од финалниот избор и постапката по Јавниот повик имаат право на приговор кои се поднесува преку Комисијата до Градоначалникот во рок од 3 (три) дена, сметано од денот на приемот на писмото за известување за извршен избор.

6.4. Решението на Градоначалникот по приговорот кое го донесува во рок од 3 (три) дена по добивање на приговорот е конечно.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА